Наративен извештај за декември 2019 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието. Во текот на месец декември 2019 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности.

Во остварување на агендата активностите за овој месец започнаа со организирање на настан во Јавното претпријатие за државни патишта на тема: BIM во инфраструктурни објекти, при што свое обраќање имаше Директорот Зоран Китанов, а презентирање за Информатичко Моделирање на Градби – BIM одржаа странски експерти. Целта на работилницата беше да се поттикне иницијативата за воведување на BIM методологијата во секторот – планирање, градење и одржување на инфраструктурни објекти. BIM овозможува споделување на информации во текот на целиот животен циклус на проектот, привлекувајќи добри резултати. Воведувањето на BIM пристапот во доменот на инфраструктурните објекти е од особен интерес, што е согласно следењето на препораките на Европските директиви. Спроведувањето на BIM ја олеснува тимската работа, придонесува за намалување на грешките, зголемување на предвидливоста на трошоците и подобро взаемно разбирање.

Директорот Зоран Китанов беше домаќин на уште една Презентација за примена на адитиви – полимери за асфалтни мешавини, од страна на компанијата Еко – Асфалт, се со цел, како најдобро да се користат предностите на животната средина со користење на еколошки производи од POLYCICLE SRL – ITALIA. На Презентацијата беа поканети претставници од институции, чија што дејност е од областа на

градежништвото, како и инженери од Јавното претпријатие за државни патишта.

Директорот Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, беа на теренски увид на регионалниот пат Р1204 делница Куманово – Свети Николе во должина од 32 км. и вредност од 2,9 милиони евра, кои средства беа обезбедени од Европска Банка за обнова и развој. На теренскиот увид беше констатирано дека е завршена целата делница на регионалниот пат Р1204 Куманово – Свети Николе со вкупна должина од 42 км, од кој 10 км.на оваа делница беа завршени во Јуни 2019 година, а средствата се обезбедија од Светска Банка.

Од страна на Владата на Република Северна Македонија беше донесена Одлука за давање на согласност на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта на Јавното претпријатие за државни патишта за 2020 година. Јавното претпријатие за државни патишта го организира своето работење, планирање, развој и обезбедување приходи врз основа на донесената Годишна програма.

Директорот Зоран Китанов и Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, истотака беа и на теренски увид на изградба на нов Мост бр.5 на река Луда Мара на државен пат Р1107, во вредност од 0,49 милиони евра, кои средства беа обезбедени од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта. На теренскиот увид беше констатирано дека е завршен мостот бр.5 на река Луда мара на државниот пат Р1107.

На крај на изминатата 2019 година, Јавното претпријатие за државни патишта може да се пофали со реализација на инвестиции од 85% што укажува на целокупна успешност на работењето на претпријатието за 2019 година.